# ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ЈАЗ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Институционален јаз во справувањето со говорот на омраза во Северна Македонија

## Хелсиншки комитет за човекови права

## Скопје
## октомври, 2023

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

И покрај постојното законодавство, институциите во Северна Македонија се соочуваат со сериозни слабости при регистрирањето, следењето и санкционирањето на говорот на омраза. Недостатокот на координација, соодветни државни датабази, податоци и ресурси резултира со неефикасно справување со ваквите случаи. Овој документ за јавни политики укажува на клучните институционални предизвици и предлага конкретни чекори за подобрување на националниот систем за одговор на говорот на омраза.

КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ:
•Недостаток на унифицирана државна датабаза за криминал од омраза и говор на омраза.
•Неусогласеност помеѓу институциите во следењето и пријавувањето на говорот на омраза.
•Недостасува стандардизирана методологија и категоризација на делата.
•Недоволни технички и човечки капацитети, ограничени ресурси и недостаток на обуки во полицијата и обвинителството.
•Недоволна интеграција на МАРнет и други технички органи во борбата со онлајн говорот на омраза.

## Правна и институционална анализа

Иако Кривичниот законик содржи одредби што индиректно го опфаќаат говорот на омраза, недостасува кодифициран и оперативен пристап за институциите.

Министерството за внатрешни работи и Јавните обвинителства немаат јасно дефинирани обврски и системи за евиденција.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација имаат ограничени овластувања и техничка поддршка.

Потребно е итно воведување на технички алатки, централизирани евиденции и интероперабилност помеѓу институциите.

# ПРЕПОРАКИ

- Да се воспостави централизирана база на податоци за говор на омраза со техничка поддршка и вклученост на сите надлежни институции.
- Да се доделат обврски на МАРнет за мониторинг и пријавување содржини со говор на омраза.
- Да се ревидира АКМИС системот за регистрација на овие дела како посебна категорија.
- Да се обучат јавните обвинители, судии и инспектори за идентификување и гонење говор на омраза и дела од омраза, особено онлајн.
- Да се охрабрат медиумите и јавниот сервис за активна улога во мониторинг на говорот на омраза и подигнување на свеста за превенција.
- Да се создадат можности за лесно пријавување и правна помош за жртвите преку дигитални платформи.
- Да се интегрираат механизмите за мониторинг на ААВМУ и КСЗД со Министерството за внатрешни работи и обвинителството.
- Да се донесе национална стратегија за справување со онлајн говор на омраза.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА